ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 51 ГОДИНА 31 ДАТА 23.12.2013 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

*- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*

*- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 20.12.2013 година**

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кичево фудбалерите: Клечкароски Б. Игор, Вељаноски В. Тони и Димоски В. Кристијан од ФК "Напредок АД" Кичево, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 20.12.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МИРАВЦИ" с. Миравци: Цветковски Љ. Кристијан и Димитриевски З. Филип од ФК "Маџари Солидарност92" од Скопје, по член 36/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 20.12.2013 година**

*** Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб "Октиси Спорт" од с. Октиси, согласно Решението на Централниорт регистер на Република Македонија ЕМБС 6920357, деловоден број 30320130004671, со седиште во с. Октиси.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 18.12.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ 92" Скопје: Богдановски Р. Денис од ФК "Тетекс АД" од Тетово, по член 36/1.

**Седница од 20.12.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ВАРДАР АД" Скопје: Симјановски Б. Мирко од ФК "Миравци" с. Миравци, по член 35/7.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз "Гази Баба" од Скопје, фудбалерите: Цветковски Љ. Христијан, Димитриевски З. Филип од ФК "Маџари Солидарност92" Скопје и Аломеровиќ Кемал од ФК "Металург АД" Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 20.12.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

КМФ "МАЛ АЈАКС" Штип: Коцев Т. Дарко, по член 35/1.

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Брегалница 2008" од Штип и фудбалерот Стајев А. Роберто го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбналски сојуз Штип, фудбалерите: Митров С. Иван и Стајев А. Роберто од ФК "Брегланица 2008 АД" од Штип, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 20.12.2013 гоидна**

*** Регистрација на фудалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб "Еден на Еден" од с. Могила, согласно Решението Централниот регистер на Република Македонија, ЕМБС 6880495 деловоден број 30420130002614 со седиште во село Могила на улица "А" број 21.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола, фудбалерите: Соколовски Ж. Сашо и Рамадан Б. Џанер од ФК "Новаци 2005" од с. Новаци и Коруновски В. Пеце од ФК "Пелистер АД" Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Комитетот за итност на ФФМ на седницата одржана на ден 10.12.2013 година:

- 02-1949/1 од 10.12.2013 година;
- 02-1949/2 од 10.12.2013 година;

2. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 18.12.2013 година ги разгледа и ги потврди одлуките на Комитетот за итност неопходно донесени помеѓу две седници на Управен одбор.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 02-1975/1-2

Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајќи по предлог –одлуката доставена од Комисијата за статут и правилници на ФФМ, а во врска со предлогот за поведување постапка за заштита на законитост на ФК Братство с.Лисичани,Кичево со пр.бр. 03-1788 од 07.11.2013 година против одлуката бр. 12/13 од 31.10.2013 година на второстепениот орган на Трета лига Запад со седиште во Тетово за заштита на Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со примена на одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, врз основа на член 79 и 80 од Правилникот за натпреварување на седницата одржана на ден 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. *Се усвојува предлог одлуката на Комисијата за статут и правилници на ФФМ КСП бр.03-1923.*

2. Предлогот за поведување постапка за заштита на законитост бр. 03-1788 од 07.11.2013 година со кој се бара заштита на Правилникот за натпреварување на ФФМ поднесен од ФК Братство с.Лисичани,Кичево а во врска со Одлуката на второстепениот орган на Трета лига Запад со седиште во Тетово бр. 12/13 од 31.10.2013 година со која се одбива жалбата на ФК Братство с.Лисичани и се потврдува одлуката на првостепениот орган со која натпреварот помеѓу ФК Шкендија (Вруток) и ФК Братство (Лисичани) е регистриран со службен резултат во корист на ФК Шкендија(Вруток) е *ОСНОВАН.*

3. Одлуката на Комесарот за натпревари бр. 5/13 од 14.10.2013 година со која натпреварот помеѓу ФК Шкендија(Вруток) и ФК Братство(Лисичани) е регистриран со службен резултат во корист на ФК Шкендија(Вруток) и Одлуката на Комисијата за жалби на Трета лига Запад бр. бр. 12/13 од 31.10.2013 година во која се одбива жалбата на ФК Братство с.Лисичани и се потврдува одлуката на првостепениот орган *СЕ ПОНИШТУВААТ и натпреварот ФК Шкендија(Вруток) и ФК Братство (Лисичани) одигран во рамките на 8-мо коло на Трета лига Запад се регистрира со постигнат резултат 0:1 во корист на ФК Братство од с.Лисичани.*

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

5. Одлуката да се објави во стручно – информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

Деловоден број 02-1975/1-3

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалскиот клуб Братство с.Лисичани, незадоволен од Одлуката од второстепениот орган на Трета лига Запад бр. 12/13 од 31.10.2013 година благовремено во предвидениот рок со Правилникот за натпреварување до Комисија за заштита на правилници достави предлог за поведување постапка за заштита на законитост. Во предлогот е побарано да се поништи одлуката на второстепениот орган на Трета лига Запад бр. 12/13 од 31.10.2013 година а натпреварот ФК Шкендија (Вруток) и ФК Братство (Лисичани) одигран во рамките на 8-мо коло на Трета лига Запад да се регистрира со постигнат резултат 0:1 во корист на ФК Братство од с.Лисичани.

Постапувајќи по предлогот одлуката на Комисијата за статут и правилници и наводите во истата, Управниот одбор на ФФМ констатира:

Комесарот за натпревари на Трета лига Запад постапувајќи по жалба на ФК Шкендија од с.Вруток (видливо од одлуката бр. 5/13 од 14.10.2013 година) за неправилен настап на фудбалерот на ФК Братство од с.Лисичани - Незироски Нуре, на натпреварот одигран во рамките на 8-мо коло на Трета лига Запад помеѓу ФК Шкендија(В) и ФК Братство(Л), врз основа на член 61 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ , членовите 67 и 73 од Правилникот за натпревари како и членовите 21 и 37 од Пропозициите на Третите лиги донел одлука споменатиот натпревар да го регистрира со службен резултат поради тоа што екипата на ФК Братство(Л) настапила со фудбалер кој воопшто не фигурира како нивен фудбалер во КОМЕТ системот. Во образложението на одлуката Комесарот за натпревари се повикува на препорака од страна на ФФМ спрема која „ екипата не смее да внесе фудбалер во записник доколку истиот не е внесен и потврден во КОМЕТ системот".

На ваквата одлука ФК Братство(Л) вложил жалба по која било постапувано од Комисијата за жалби на Трета лига Запад и истата била одбиена како неоснована со одлука бр. 12/13 од 31.10.2013 година и со која е потврдена првостепената одлука и е констатирано дека во времето на одигрување на натпреварот посочениот фудбалер бил внесен во КОМЕТ системот и потврден за друг клуб(ФК Таленти Пуцкопетрол од Македонски Брод). Во истата одлука е констатирано и дека регистрацијата на фудбалерот за ФК Братство е објавена во Макфудбал бр. 32 од 2012 година како и укажување дека истиот фудбалер се јавува со два ИД броја.

Управниот одбор констатира дека при носење на првостепената одлука со која го регистрира натпреварот по основ на поднесена жалба од страна на Комесарот за натпревари направена е повреда на член 73 од Правилникот за натпревари на ФФМ кој третира регистрирање на натпревар со службен резултат по основ на поднесена жалба на начин што во диспозитивот на одлуката како основ за регистрирање на натпреварот со службен резултат е наведен основ кој не е е предвиден со оваа одредба имено:

На основ поднесена жалба на оштетен клуб ќе биде донесена одлука за регистрација на натпреварот со 3:0 (службено) во негова корист доколку не постигнал подобар резултат, ако противничкиот клуб :

1. Настапил со фудбалер кој за него не е регистриран,

2. Настапил со фудбалер кој од други причини, предвидени со одредбите на општите акти на ФФМ или врз основа на одлуки на надлежните органи на тој натпревар за тој клуб немал право на настап, со исклучок на членовите 72 и 74 од овој правилник,

3. Настапил со фудбалер за кој не е утврден идентитет по одредбите на член 52 од овој правилник.

4. Настапил со фудбалер за кој со конечна (второстепена) одлука на надлежен орган за регистрација на фудбалери е утврдено дека е регистриран со неправилна примена на прописите за регистрација или врз основа на неточни податоци.

5. Настапил со фудбалер кој се наоѓа под казна за забрана на настап или суспензија, или ако клубот или тимот бил под суспензија,

6. Настапил со фудбалер кој претходно не е внесен во записник пред почетокот на натпреварот,

7. Заменил повеќе од дозволениот број на фудбалери на тој натпревар,

8. Настапил со фудбалер кој на тој натпревар претходно бил заменет,

9. Настапил со фудбалер кој на тој натпревар за тој клуб немал право на настап.

10. Започнал натпревар со помалку фудбалери до 21 година освен во Првата лига.

11. Настапил со поголем број фудбалери странци од утврдениот. (Важи само за екипите од Првата лига).

Имено одлуката е донесена поради:

– настап на фудбалер кој не фигурира како фудбалер во КОМЕТ системот.

Управниот одбор констатира дека и првостепената и второстепената комисија која ја потврдила ваквата одлука излегле од својата надлежност и се впуштиле во утврдување на неправилен настап заради регистрација на фудбалерот што е во надлежност на органот за регистрација на ОФС согласно одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ (од член 82 до 87).

Управниот одбор утврди дека Комисијата со цел да направи појаснување во подготвителната постапка побарала од КОМЕТ администраторот на ФФМ проверка на статусот и историјат на регистрација на фудбалерот Незироски Нуре. Утврдено е дека фудбалерот настапувал за ФК Таленти Пуцко Петрол од 22.08.2011 година до 30.07.2012 година кога е регистриран за ФК Братство (Л). На регистрацијата на фудбалерот за ФК Братство(Л) во ОФС Кичево не е вложен приговор. Регистрацијата е објавена во Макфудбал бр. 32 од 06.08.2012 година. Во Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери од 27.05.2013 година објавена во Макфудбал бр.23 од 10.06.2013 година во точка 1 направена е промена на став 1 од членот 35 со која се утврдува дека фудбалер право на настап стекнува со верификација на регистрацијата во КОМЕТ системот. Во истата одлука е утврдено дека одлуката ќе се применува со отпочнување на летниот преоден рок 2013 година. На ваквата регистрација, согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери е дозволен приговор до соодветниот орган за регистрација.
Комисијата правилно заклучила дека до носење на оваа одлука фудбалерите се стекнувале со право на настап согласно одредбите на член 35 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери по објавување на регистрацијата на фудбалерот во Макфудбал и истата доколку за неа не се вложи приговор се смета за конечна. Правото на настап, фудбалерите регистрирани по 10.06.2013 година го стекнуваат со верификација во КОМЕТ. Фудбалерите регистрирани пред 10.06.2013 година правото на настап го стекнале со објава во Макфудбал и за нив е неспорна регистрацијата и покрај недостатокот(неажурирани податоци за претходни регистрации во КОМЕТ

системот) појавен поради неажурност на администраторите на определени општински фудбалски сојузи.

Врз основа на погоре изнесеното Управниот одбор утврди дека барањето на подносителот за заштита на Правилникот за натпревари на ФФМ е основано поради направена повреда на одредбите на член 73 од Правилникот за натпревари на ФФМ, поради што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 02-1975/1-3

Управен одбор 2013 година

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши измена на член 21 став 1 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери

- по зборовите „Регистрација на фудбалер кој во" се брише зборот „летниот"

2. Се врши измена на член 87 став 1 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалер

- во ред втори пред зборот ОФС се додава „и верификација" и се брише зборот ОФС.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ со цел појаснување на одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери во насока на веќе востановеното право на користење на зимскиот преоден рок за фудбалерите-аматери донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 02-1975/1-5

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува начинот на одигрување, односно разигрување/бараж/ натпревари за пополнување на Втората лига за сезоната 2014/2015 година на следниот начин:

- 8ᵗᵉ екипи кои ги исполниле условите за разигрување се распоредуваат во две групи.
- Во едната група се распоредени 7ᵐᵒ, 8ᵐᵒ и 9ᵗᵒ пласираната екипа од Втора МФЛ, кои одигрyваат еден натпревар на неутрален терен со екипите – прваци на третите лиги кои се наоѓаат во другата група.
- Натпреварите се одигруваат по извршен ждреб на следниот начин:
    - 7-мо пласираниот со првак од трета лига
    - 8-мо пласираниот со првак од трета лига
    - 9-то пласираниост со првак од трета лига
    - првак од трета лига со првак од трета лига
- При нерешен резултат, победникот се добива по пат на одигрување на две продолженија по 15 (петнаесет) минути, односно со понатамошно изведување на пенали доколку по продолжувањето на натпреварот не се добие победник.
- Од четирите победници по пат на ждреб се добиваат два пара, кои одигруваат по два натпревари на неутрален терен.
- Во случај да не се добие победник по одиграните два натпревари (правилото гол во гости не важи) се одигруваат две продолженија по 15 (петнаесет) минути по завршување на вториот натпревар, односно се изведуваат пенали доколку по продолжувањето на натпреварот не се добие победник.

2. Местото и времето на одигрување ќе се одреди дополнително од страна на Комисијата за натпревари на ФФМ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на ден 18.12.2013 година го утврди начинот на одигрување, односно разигрување/бараж/ натпревари за пополнување на Втората лига за сезоната 2014/2015 година, како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 02-1975/1-8

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за уредување на начинот на пресметка на надоместок за премин на фудбалери од клуб во клуб и исплата врз основ на механизмот за солидарност

1. Пресметката на надоместокот за премин на фудбалери од клуб во клуб и исплатата врз основ на механизмот за солидарност за трансфери на територија на Р.Македонија се врши на начин што износот предвиден за една година се множи со бројот на години кои фудбалерот ги поминал во клубот.
2. Во случај да временскиот период кој фудбалерот го поминал во клубот е поголем или помал од една година,

- предвидениот годишен износ се дели на бројот на месеци во годината и се множи со бројот на месеци кои фудбалерот ги поминал во клубот

- преостанатите денови кои изнесуваат повеќе од 15 се сметаат како уште еден месец

3. Пресметката на надоместокот за премин на фудбалери од клуб во клуб се врши најмногу за четири години station наназад.
4. Исплатата врз основ на механизмот за солидарност за трансфери на територија на Р.Македонија (во вкупен износ од 5 %) се врши согласно пасошот на фудбалерот за периодот на тренирање од неговата 12-та до неговата 23-та (и 23-та) година и тоа:

- пресметката на годишно ниво од навршени 12 години до навршување на 16 години(12,13,14,и 15 години возраст) изнесува 0,25% од договорениот односно минимално утврдениот износ за трансфер по овој основ.

- пресметката на годишно ниво од навршени 16 години до навршување на 24 години(16,17,18,19,20,21,22 и 23 години возраст) изнесува 0,50% од договорениот односно минимално утврдениот износ за трансфер по овој основ.

5. Терминот година во смисла на оваа одлука се однесува на натпреварувачка сезона која почнува на 01.08 во тековната година а завршува на 31.07. наредната година.
6. Одлуката стапува на сила веднаш а во делот на пресметка на надоместокот за премин на фудбалери од клуб во клуб ќе се применува од летниот преоден рок 2014 година.
7. Непочитувањето на оваа одлука претставува дисциплински прекршок
8. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ по барање на телото за верификација на регистрации на ФФМ донесе одлука за регулирање на начинот на пресметка по основ на механизмот за солидарност на територија на Р.Македонија како и промена на начинот на пресметка на надоместокот за премин на на фудбалери од клуб во клуб.

За трансферите направени во периодот до отпочнување на примената на оваа одлука ќе се практикува досегашниот начин на пресметка односно за период поголем или помал од една година ќе се пресметува на база на шестмесечна пресметка ( периодот од 3 месеци и еден ден до 6 месеци се сметаат за 6 месеци; периодот поголем од 6 месеци и еден ден до 12 месеци се смета за цела година; трансферите направени во преоден рок се смета дека се направени на последниот ден од преодниот рок).

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 02-1975/1-9/2

Управен одбор 2013 година

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши дополнување на член 34 од Правилникот за натпреварување на ФФМ

се додаваат нови три става 4,5 и 6 кој гласи :

Сите клубови учесници во Првата лига првото полувреме мора да го започнат и завршат со еден фудбалер кој нема навршено 21 година.

Сите клубови учесници во Втората лига првото полувреме мора да го започнат со два фудбалера од кои едниот фудбалер да нема навршено 21 година а другиот да нема навршено 19 години а да го завршат со два фудбалера кои немаат навршено 21 година.

За фудбалер под 21 година односно 19 години се смета фудбалер кој на 31.07 во тековната натпреварувачка година нема наполнето 21 година осносно 19 години.

2. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од натпреварувачката 2014/15 година

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ со цел развој на фудбалот и овозможување на помладите фудбалери активно учество во натпреварите од Првата и Втората фудбалска лига донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓоргиоски

2

Деловоден број 02-1975/1-9/3

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 18.12.2013 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се врши измена и дополнување на член 3 став 3 од Пропозициите за млади категории

   - по зборот „кадетска" се додава, „пионерска и категорија помлади пионери"

   - ставот 4 и 5 на овој член се бришат.

2. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од пролетниот дел на натпреварувачката 2013/14 година.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел развој и унапредување на младинскиот фудбал како и подготовка за новиот систем на натпреварување, Управниот одбор на ФФМ донесе одлука за измена на член 3 став 3 од Пропозициите за млади категории кои го регулираат времетраењето на полувреме на фудбалски натпревара во предметните категории.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 02-1975/1-9/4

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03- 15 / пио.С**
**Скопје: 13.12.2013**

Врз основа на член 32 од Пропозиции за млади категори ,постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на член 100 и 80 а во врска со чл.77 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.12. 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 Тефику Валон Втор асистент судија на натпреварот Ф.К.,,Милано;; и Ф.К"Миравци" се казнува со забрана на вршење на било која функција во фудбалскиот спорт во траење од 4 (четри) месеци.поради прикривање на фактичката состојба
2 Казната тече од 24.11.2013 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот и соочувањето со сите службени лица на натпреварот од 15 коло на Младинската Супер лига помеѓу : Ф.К."Милано"- Ф.К."Миравци" одиграно на ден 23.11.2013 година констатира : дека Втор асистент судија Тефику Валон на гореспоменатиот натпревар не ги пријавил фудбалерите којфизчки се пресметувале и присутни не службени лица под трибинскиот простор При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 6000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

**Доставено до:**
- Тефику Валон
- Макфудбал
-Архива

3

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 03- 15 / пио.С**
**Скопје: 13.12.2013**

Врз основа на член 32 од Пропозиции за млади категори ,постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ врз основа на член 100 и 80 а во врска со чл.77 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 13.12. 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 Јовановиќ Филип Прв асистент судија на натпреварот Ф.К.,,Милано;; и Ф.К"Миравци" се казнува со забрана на вршење на било која функција во фудбалскиот спорт во траење од 4 (четри) месеци.поради прикривање на фактичката состојба
2 Казната тече од 24.11.2013 година.
3 Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ,врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот и соочувањето со сите службени лица на натпреварот од 15 коло на Младинската Супер лига помеѓу : Ф.К."Милано"- Ф.К."Миравци" одиграно на ден 23.11.2013 година констатира : дека Првиот асистент судија Јовановиќ Филип на гореспоменатиот натпревар не ги пријавил фудбалерите којфизчки се пресметувале и присутни не службени лица под трибинскиот простор При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесов Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 6000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Јовановиќ Филип
- Макфудбал
-Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Бесими Блерим с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**9 коло прва футсал лига**
**Скопје, 27 ноември 2013 година**

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, ,28, 29, 35, 123, 125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 9 коло од првата футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Јувентус Серава:Шкендија одигран во Скопје спортска сала "7 март" Чаир на ден 24 ноември 2013 година согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 27 ноември 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1.БЕСНИК ЉАТИФАЈ ФУДБАЛЕР СО БРОЈ 10 КОМЕТ БРОЈ 103835 ОД КМФ ЈУВЕНТУС СЕРАВА ОД СКОПЈЕ СЕ САНКЦИОНИРА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ЕДЕН (1) ПРВЕНСТВЕН ИЛИ КУП НАТПРЕВАР.
2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 25 НОЕМВРИ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федеерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствен натпревар од деветото коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Јувентус Серава:Шкендија одигран на ден 24.11.2013 година во Скопје спортска сала "7 март" во Чаир комисијата неспорно уврди дека именованиот фудбалер бил исклучен поради втор жолт картон.

4

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитовот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.КМФ "ЈУВЕНТУС СЕРАВА" Скопје
2.Бесник Љатифај фудбалер
2.Архивата на ФФМ
3.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ
Претседател
Бесим Блерими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**9 коло прва футсал лига**
**Скопје, 27 ноември 2013 година**

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, ,28, 29, 35, 123, 125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 9 коло од првата футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Јувентус Серава:Шкендија одигран во Скопје спортска сала "7 март" Чаир на ден 24 ноември 2013 година согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 27 ноември 2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1.ВЕСЕЈЛИ ЉУТВИ ФУДБАЛЕР СО БРОЈ 4 КОМЕТ БРОЈ 109914 ОД КМФ ШКЕНДИЈА ОД ТЕТОВО СЕ САНКЦИОНИРА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ЕДЕН (1) ПРВЕНСТВЕН ИЛИ КУП НАТПРЕВАР.
2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 25 НОЕМВРИ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федеерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствен натпревар од деветото коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Јувентус Серава:Шкендија одигран на ден 24.11.2013 година во Скопје спортска сала "7 март" во Чаир комисијата неспорно уврди дека именованиот фудбалер бил исклучен поради влечење за дрес и пцуење на првиот судија Младеновски Марјан.

5

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитовот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.КМФ "ШКЕНДИЈА" Тетово
2.Весели Љутви фудбалер
2.Архивата на ФФМ
3.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ
Претседател
Бесим Блерими с.р.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ - ШТИП**
**ул.Партизанска б.б. комплекс " Дујле " 2000 - Штип**
**п.фах 91**
**e-mail: ofsstip@yahoo.com**
**тел/факс: 032 383 819; 078 235 330/ -**
**транс. сметка: 210 052 253 450 188 Тутунска банка**

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ
Бр. 0301-94/4
20. 12. 2013 год.
ШТИП

## ОПШТИНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА НА ШТИП
## 11 КОЛО(последно есенско) ЗА СЕЗОНА 2013/2014 ГОДИНА

| Рб | Екипа | Коло | Победи | Нереш | Порази | Дадени голови | Примени голови | Гол разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **14 Октомри 1946** | **10** | **10** | **0** | **0** | **30** | **9** | **+21** | **30** |
| 2 | Дузлак 2013 | 10 | 7 | 1 | 2 | 29 | 14 | +15 | 22 |
| 3 | Дрводекор (-1) | 9 | 7 | 0 | 2 | 24 | 10 | +14 | 21 |
| 4 | Сењак-Дузлак (-1) | 9 | 6 | 0 | 3 | 21 | 17 | +4 | 18 |
| 5 | Чардаклија 2012 | 10 | 5 | 0 | 5 | 23 | 18 | +5 | 15 |
| 6 | Балкан | 10 | 4 | 1 | 5 | 27 | 31 | -4 | 13 |
| 7 | Дузлак | 10 | 4 | 1 | 5 | 19 | 24 | -5 | 13 |
| 8 | Таринци-Макмесо | 10 | 4 | 0 | 6 | 19 | 21 | -2 | 12 |
| 9 | 1-ви Мај | 10 | 2 | 2 | 6 | 18 | 25 | -7 | 8 |
| 10 | Јуки | 10 | 2 | 0 | 8 | 11 | 33 | -22 | 6 |
| 11 | Задругар | 10 | 0 | 1 | 9 | 14 | 33 | -19 | 1 |
| | | **108** | **51** | **6** | **51** | **235** | **235** | **0** | **159** |
| | | | | **108** | | | | | |

**13.12.2013 година**
**ШТИП**

М.П.

ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-ШТИП ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА 26

**ОФС-ШТИП**
**ОФЛ-ШТИП**
**Секретар**
**Пилешков Јованчо с.р.**

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***